АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Продолжува исплатата на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)**

По успешната реализација на одобрените инвестиции, осум корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 806.529 денари на корисникот Николина Угриновска од Пелагонискиот плански регион за обновување на постоечки овошни насади. Од вкупно исплатените средства 604.896 денари се средства од буџетот на ЕУ и 201.633 денари се национален дел.

На корисникот Ѓело Јанкулов од Вардарскиот плански регион исплатени се средства во износ од 120.037 денари од кои 90.028 денари се средства од буџетот на ЕУ и 30.009 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.

На корисникот Ангелина Лабачевска од Пелагонискиот плански регион исплатени се средства во износ од 787.698 денари од кои 590.773 денари се средства од буџетот на ЕУ и 196.925 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Снежана Илиевска од Пелагонискиот плански регион исплатени се средства во износ од 626.560 денари од кои 469.920 денари се средства од буџетот на ЕУ и 156.640 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Панде Ѓоршевски од Пелагонискиот плански регион исплатени се средства во износ од 210.571 денари од кои 157.928 денари се средства од буџетот на ЕУ и 52.643 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот ДАНС-ДВА ДООЕЛ од с.Могила, исплатени се средства во износ од 829.371 денари од кои 622.028 денари се средства од буџетот на ЕУ и 207.343 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на производство на зеленчук на отворено.

На корисникот Станушина ДООЕЛ од ул.Булевар на виното, Демир Капија исплатени се средства во износ од 623.960 денари од кои 467.970 денари се средства од буџетот на ЕУ и 155.990 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.

На корисникот Виножито ДООЕЛ од с.Драслајца, Струга исплатени се средства во износ од 161.040 денари од кои 120.780 денари се средства од буџетот на ЕУ и 40.260 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.